Комерцијална банка

**ПРИМЕР**

# ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДДОГОВОРНИ ИНФОРМАЦИИ (ПОДАТОЦИ) ЗА ПОНУДЕНИТЕ КРЕДИТНИ УСЛОВИ ЗА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТ (ДОЗВОЛЕНО ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА ПЛАТЕЖНА СМЕТКА ВО ДЕНАРИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА)

| **1. Податоци за кредиторот / кредитниот посредник** | | |
|---|---|---|
| | **Податоци за кредиторот** | |
| | **Колона 1** | **Колона 2** |
| 1. | Назив на кредиторот | **Комерцијална банка АД Скопје** |
| 2. | Адреса (адреса на која е достапен кредиторот) | ул. Васил Иљоски бр.3 |
| 3. | Број на телефон* | +389 3168-168 |
| 4. | Електронска пошта* | **contact@kb.mk** |
| 5. | Факс* | +389 3168-168 |
| 6. | Интернет страница* | **www.kb.mk** |

| **2. Податоци за кредитниот производ** | | |
|---|---|---|
| | **Колона 1** | **Колона 2** |
| 7. | Вид на кредитот | Дозволено пречекорување на платежните сметки во денари, Банката одобрува на сметките на кои пристигнува редовен месечен прилив по основ на плата или пензија, согласно законската регулатива и Интерните акти на Банката. |
| 8. | Вкупен износ на кредитот којшто вклучува: | Дозволеното пречекорување на платежна сметка во денари се одобрува во висина од две просечни плати, кое во моментот е 88.000 денари. |
| 9. | Услови за искористување на кредитот<br><br>(како и кога ќе се врши исплата на средствата врз основа на кредитот) | Износот на расположливи средства на платежната сметка во денари, автоматски се зголемува за висината на одобреното дозволено пречекорување, при што Корисникот прво ги користи сопствените средства, а потоа ги користи средствата од дозволеното пречекорување.<br>Расположливото салдо, вклучувајќи го и износот на дозволеното пречекорување се искористува на следниве начини: со дебитна картичка, плаќање и пренос на парични средства врз основа на траен налог, налог за исплата на готовина, пренос во корист на други платежни сметки во денари во Банката и платежни сметки во денари кај други носители на платниот промет со инструментите за платен промет. |
| 10. | Траење на договорот за кредит | Банката одобрува дозволено пречекорување со рок на траење 12 (дванаесет) месеци. Во овој период банката има право да прави преоценка на висината и рокот на одобреното дозволено пречекорување, согласно интерните акти на Банката, за што ќе го извести Корисникот во писмена форма или преку друг траен медиум. |
| 11. | Износ на поединечните плаќања, и онаму каде што е релевантно за видот на кредитот, бројот на ратите, редослед на пристигнување на ратите коишто треба да се платат | *не е релевантно* |
| 12. | Опис на стоката или услугата и нејзината цена во готово, во случај на кредит во форма на одложено плаќање за одредени стоки или услуги и поврзани договори за кредит (доколку е применливо) | *не е релевантно* |

| **3. Податоци за трошоците за кредитот** | | |
|---|---|---|
| | **Колона 1** | **Колона 2** |
| 13. | Вид на каматната стапка<br><br>Кредиторот/кредитниот посредник е должен на потрошувачот да му го соопшти видот на каматната стапка и да му даде објаснување што означува таа каматна стапка, како и периодите, условите и постапка за промена на каматната стапка<br><br>Кредиторот/кредитниот посредник е должен да го информира потрошувачот дали за промената на каматната стапка е потребна согласност од потрошувачот<br><br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, сите наведени информации се наведуваат за секоја каматна стапка | Банката ја врши пресметка на камата со примена на пропорционална метода со променлива каматна стапка. На искористениот износ од дозволеното пречекорување, Банката пресметува и наплатува камата по каматна стапка која е за 7.95 процентни поени (корективна компонента) повисока од референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата. Референтната каматна стапка е променлива, согласно со законските прописи.<br><br>Договорните страни се согласни дека корективната компонента на каматната стапка ја определува Банката и може да ја менува во случај на промена на законската регулатива, редовноста во измирување на обврските кон Банката, стапката на задолжителна резерва која ја пропишува НБРСМ и стапката на инфлација. |
| 14. | Висина на договорената каматна стапка (изразена во % на годишна основа)<br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, овие информации се наведуваат за секоја каматна стапка | На искористениот износ од дозволеното пречекорување, Банката пресметува и наплатува камата по каматна стапка која е за 7.95 процентни поени повисока од референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата, а во моментот таа изнесува 12.20% годишно. |
| 15. | Други трошоци коишто произлегуваат од договорот за потрошувачки кредит и условите под кои тие трошоци можат да се променат, доколку е применливо.<br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, е должен тоа јасно да го наведе.<br>Кредиторот, односно кредитниот посредник е должен да наведе дали овие трошоци се вклучени во пресметаната СВТ | Банката не наплатува надомест при одобрување на дозволено пречекорување. Со промена во интерните акти Банката може да воведе надомест за обновување на дозволено пречекорување и други видови надоместоци.<br>За искористување на средства од дозволеното пречекорување се наплатуваат надоместоци и трошоци во зависност од видот на инструментот или медиумот употребен за искористување на средствата, согласно Тарифата на надоместоци за услуги, објавени на Интернет страната на Банката . |
| 16. | Каматна стапка применлива во случај на задоцнети плаќања, изразена во % на годишна основа, услови за нејзина промена<br><br>Предупредување за последиците од неплаќање на ратите | На долговното салдо над износот од дозволеното пречекорување, Банката пресметува и наплатува договорна зголемена камата по каматна стапка која се применува за пресметка на законска казнена камата, а која во моментот изнесува 12.25% годишно.<br>Банката ја менува висината на казнената камата, начинот и периодот на пресметка, согласно Одлуката за каматни стапки на Банката и законските прописи.<br>Банката ќе испрати опомена во случај:<br>- Доколку клиентот го доведе салдото на неговата платежна сметка во денари во премолчено должничко салдо и<br>- Доколку не одговори на барањето за подмирување на салдото на неговата платежна сметка во денари и не ја уплати доспеаната камата на платежната сметка.<br>Банката задолжува трошоци во случај на поведување постапка за присилна наплата на побарувања и трошоци за извршни решенија.<br>Доколку клиентот не го подмирува премолченото должничко салдо, Банката има право да го раскине Договорот и да поведе постапка за присилна наплата на побарувањето. |

| **4. Останато** | | |
|---|---|---|
| | **Колона 1** | **Колона 2** |
| 17. | Имате право да се откажете од договорот за потрошувачки кредит во определен рок | Корисникот може да се откаже од Договорот уште пред користење на одобреното дозволено пречекорување на платежната сметка со поднесување на писмено барање. Корисникот има право со поднесување на писмено барање да се откаже од Договорот во било кое време, само доколку претходно го има вратено целиот искористен износ од дозволеното пречекорување. |
| 18. | Раскинување на договорот за потрошувачки кредит<br><br>(Кредиторот/кредитниот посредник е должен да ви ги соопшти правото, постапката и условите за раскинување на договорот за потрошувачки кредит) | Банката има право да го раскине Договорот доколку клиентот не се однесува согласно Рамковниот договор, Договорот за користење на одобрено дозволено пречекорување на платежна сметка и Општите услови за платежна сметка и платежни услуги за физички лица - резиденти.<br>Договорот се смета за раскинат со писмено известување за раскинување или со раскинување на Рамковниот договор.<br>Банката може да побара од Вас во целост да го вратите искористеното дозволено пречекорување во следните случаи:<br>• Доколку клиентот се однесува во спротивност со Општите услови за платежна сметка и платежни услуги за физички лица - резиденти, Рамковниот договор и Договорот за користење на одобрено дозволено пречекорување по платежни сметки;<br>• Доколку на сметката не пристигнуваат приливи од работен однос или надомест за пензиско и инвалидско осигурување, повеќе од 2 месеци<br>• Доколку салдото на сметката е во премолчено должничко салдо и истото не се подмирува и после применатa опомена;<br>• Ако банката дознае за околности кои би можеле да ја загрозат кредитната способност на клиентот за подмирување на долгот по основ на дозволено пречекорување;<br>• Доколку клиентот оставил неточни податоци во банката.<br>• Доколку Банката го раскине Договорот |
| 19. | Ако по поднесеното барање за кредит, барањето се одбие заради добиените информации од бази на податоци, имате право, кредиторот, односно кредитниот посредник веднаш и бесплатно да ве информира за тие информации и за начинот на кој ги прибавил информациите. Овие информации се даваат во сите случаи, освен ако давањето на информациите е забрането со закон. | Доколку Вашето барање за кредит е одбиено заради добиените информации од база на податоци, имате право да бидете навремено и бесплатно информирани за добиените информации од увидот во базата на податоци, како и за начинот на кој тие биле прибавени. |
| 20. | Право на бесплатна копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит<br>(Имате право, на ваше барање, бесплатно да добиете копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит. Нема да се достави нацрт - договор доколку кредиторот/кредитниот посредник во време на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит) | Само доколку Банката оцени дека барањето за одобрување на дозволено пречекорување на платежна сметка може да се одобри. |
| 21. | Рок во кој кредиторот, односно кредитниот посредник е обврзан со преддоговорните информации, доколку е применливо. | Преддоговорните информации ја обврзуваат банката 3 дена по нивното врачување, освен доколку во овие денови дошло до промена на условите врз основа на кои се одобрува дозволеното пречекорување. |

*Пресметаните вредности во овој пример се од информативен карактер и не се обврзувачки за Банката.
За официјални пресметки, повелете во најблиската експозитура.“